This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

**КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“**

**ФЕВРУАРИ, 2024**



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „ТАРИФА" КОК-24/21

На ден 05.02.2024 година, се одржа рочиштето за главна расправа на кое се изведуваа докази на одбраната.

На ден 09.02.2024 година, на рочиштето за главната расправа се изведуваа материјални докази на одбраната.

На ден 16.02.2024 година, се одложи рочиштето поради отсуство на јавниот обвинител.

### „ЗЛОУПОТРЕБА НА ЕУ ФОНДОВИ" КОК-179/22

На ден 07.02.2024 година, рочиштето беше одложено поради отсуство на јавниот обвинител од здравствени причини.

На ден 29.02.2024 година, на рочиштето беа испитани еден сведок и еден вештак предложени од страна на одбраната на обвинетата.

### „ТРЕЗОР" КОК-214/22

На ден 19.02.2024 година, на рочиштето за главна расправа, беа дадени завршни зборови и судот закажа објава на пресуда на 22.02.2024 година во 11:00 часот.

На 22.02.2024 година, судот јавно ја објави пресудата со која ги ослободи обвинетите од обвинението што им се става на товар.

### „ТАРГЕТ/ТВРДИНА" КОК-11/23

На ден 20.02.2024 година, на рочиштето беа дадени воведни говори од страна на јавниот обвинител.

### „СТЕВЧО ЈАКИМОВСКИ" КОК-157/21

На ден 21.02.2024 година, рочиштето се одложи по барање на одбраната.

### „ШПАНСКИ СКАЛИ" КОК-30/20

На ден 26.02.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на обвинети.

### „27МИ АПРИЛ-ОРГАНИЗАТОРИ" КОК-63/23

На ден 27.02.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на јавен обвинител.

### „ТАЛИР" КОК-3/19

На ден 29.02.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на обвинет и јавен обвинител.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На ден 05.02.2024 година, рочиштето за главна расправа не се одржа, поради отповикување на терминот, бидејќи обвинетиот ги откажал полномошната на своите бранители.

На ден 09.02.2024 година, рочиштето за главна расправа продолжи со изведување на електронски и материјални докази од страна на јавниот обвинител.

### „ОНКОЛОГИЈА – МЕДИЦИНСКА СЕСТРА” К-1990/23

На 14.02.2024 рочиштето беше одложено, поради недостапност на обвинетата.

### „ДРУМАРИНА” К-2799/20

На 16.02.2024 година, судот јавно ја објави пресудата со која ја ослободи обвинетата од обвинението што и се става на товар.

### „ТОТАЛ” К-1493/17

На ден 19.02.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на обвинетиот.

### „БЕСА ТРАНС” К-1877/22

На ден 26.02.2024 година, на рочиштето беа дадени завршни зборови од странките.

### „РОДИЛКАТА ОД СТРУГА” К-95/22

На ден 26.02.2024 година, на рочиштето се испитуваше вешто лице.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 12.02.2024 година Судскиот совет ја одржа 477-та седница на која меѓу другите тековни работи одлучуваше и за: избор на еден судија во Апелационен суд Гостивар – судијата Емине Мурати од Основен суд Гостивар. Во рамки на оваа седница, исто така беше усвоена конечна ранг листа за избор на судии на Апелационен суд Штип.

На 13.02.2024 година Судскиот совет ја одржа 478-та итна седница на која што донесе одлука за избор на двајца судии за во Апелационен суд Штип, односно за кривична област е избран Ѓорѓи Андонов (судија на Основен суд Штип), а за граѓанска област е избран Тодор Поп Панев (судија на Основен суд Штип).

На 21.02.2024 година, Судскиот совет ја одржа 479-та седница на која меѓу другите тековни работи одлучуваше и за: одлуката на Управниот суд со која решението на Судскиот совет за поранешниот член на Советот, Зоран Теофиловски се огласува за ништовно. Судскиот совет повторно донесе одлука за престанок на судиската функција заклучно со 30.06.2022 година. На оваа седница, беа разгледани и извештаите од работните посети на Апелациониот суд Скопје и Основниот суд Охрид, а Советот донесе одлука да ги стави во мирување постапките за избор на претседател на суд/судија и постапките за утврдување на одговорност на претседател на суд/судија за време на претседателските и парламентарните избори.

На 29.02.2024 година Судскиот совет ја одржа 480-та седница на која меѓу другите тековни работи одлучуваше и за имплементирање на препораките дадени во акцискиот план. По однос на оваа точка, членовите имаат предвидено временски рокови за работи кои е потребно да бидат завршени, согласно препораките дадени од страна на Оценската мисија на ЕУ.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 13.02.2024 година, Советот на јавни обвинители ја одржа 96-та седница на која меѓу другите тековни работи, одлучуваше за избор на јавни обвинители во ВЈО Скопје. Оттука, за јавни обвинители во ВЈО Скопје се избрани јавните обвинители Трајче Пеливанов и Наташа Сарамандова.

На 28.02.2024 година Советот на јавни обвинители ја одржа 97-мата седница, на која меѓу другите тековни работи донесе и одлука за утврдување на бројот на слободни јавнообвинителски места во основните јавни обвинителства за наредните две години, при што беше утврдено дека вкупно 30 јавнообвинителски места за наведениот период се слободни. Оваа одлука Советот ќе ја достави до Академијата за судии и јавни обвинители.